Martinovski, Vladimir

**Патувањето и пишувањето во прозните дела на Петра Хулова**

In: *Studia macedonica II.* Dorovský, Ivan (editor). Vydání první Brno: Masarykova univerzita, 2015, pp. 180-188

ISBN 978-80-210-7959-5

Stable URL (handle): https://hdl.handle.net/11222.digilib/134307
Access Date: 16. 02. 2024
Version: 20220831

Terms of use: Digital Library of the Faculty of Arts, Masaryk University provides access to digitized documents strictly for personal use, unless otherwise specified.

MUNI ARTS Masarykova univerzita Filozofická fakulta

Digital Library of the Faculty of Arts, Masaryk University
digilib.phil.muni.cz

# Патувањето и пишувањето во прозните дела на Петра Хулова

Владимир Мартиновски

## Воведни напомени

Италијанскиот теоретичар и компаратист Доменико Нучера во студијата *Патувањата и книжевноста* истакнува дека *„денес книжевноста на патувањето претставува важен дел од интернационалната и интеркултурната комуникација. Тоа се должи на новите начини на создавање на креативни текстови, како и на постојаниот интерес кај публиката и критиката, па дури и на академската јавност“*.[1] Во овој контекст, при проследувањето на чешко-македонските книжевни, јазични и културни врски, како особено податлив „аналитички материјал“ се наметнуваат делата од доменот на патописната литература. Кога чешките писатели патуваат во Македонија (или, кога македонските патуваат во Чехија) се создаваат претпоставки за создавање книжевни дела во кои се вгнездуваат драгоцени информации за интеркултурната комуникација.

Од оваа перспектива, во нашето истражување ќе се обидеме да го анализираме соодносот меѓу патувањето и пишувањето (како и чешко-македонските книжевни и културни релации) во два сегменти од прозното творештво на младата чешката писателка Петра Хулова (1979): 1) во патописните прози *Брно* и *Трето око*, поврзани со патувачките искуства на писателката во градовите Брно и Скопје, а објавени во книгата *Околу Европа* (2012), како и 2) во романот *Во спомен на баба ми* (Paměť mojí babičce, 2002), поврзан со патувачките искуства на авторката во далечната Монголија. Постојат најмалку три причини зошто во оваа пригода се определивме за проучување на творештвото на Петра Хулова:

1) Станува збор за писателка која уште со дебитанскиот роман *Во спомен на баба ми* (2002), објавен кога авторката имала само дваесет и три години, се наметнува како едно од водечките имиња во современата чешка прозна продукција.

1 Њиши, Армандо и др.: *Компаративна книжевност.* Превод од италијански јазик Ана Алачковска и др. Скопје 2006, с. 156.

2) Во творештвото на Хулова, патувањето и пишувањето се проникнуваат: нејзините осум објавени романи (*Во спомен на баба ми*, *Низ затемнетото стакло* [2004], *Циркуски сеќавања* [2005], *Пластичен трикреветен апартман* [2006], *Станицата Тајга* [2008], *Чувари на семејното богатство* [2010], *Чешка, ветената земја* [2012] и *Мацоха* [2014]) се поврзуваат со најразлични локации, неразделни од нејзините патувачки искуства.
3) Третата, и не помалку значајна, причина е фактот што дел од прозното творештво на Петра Хулова е достапно до македонските читатели. Благодарение на преводите на Диме Митревски, македонските читатели можат да запознаат два значајни сегменти од нејзиното отворештво: романот и патописната проза.

## Раскажувањето и патувањето како низа од избори (Петра Хулова во Брно)

Според Мишел де Серто „*секое раскажување во крајна линија е организација на настани што се движат во простор и време*“.[2] Оваа луцидна констатација е особено маркантна доколку се одлучиме да ја анализираме патописната проза *Брно* од Хулова низ призма на патописната димензија и прикажувањето на временските и просторните координати.

Имено, уште од првата реченица, Хулова ја акцентира личната димензија во перципирањето и доловувањето на урбаниот хронотоп: „*Не. Ни гуглање ни прашување. Ќе одам сама.*“[3] *Притоа, хронолошките маркери (седумте часа поминати во Брно) се јасно и прецизно сигнмализирани во текстот. Уште во воведните пасажи од патиописниот текст, Хулова недвосмислено го открива својот прв избор поврзан со движењето низ градот, но и со потходот во пишувањето: таа се определува да создаде еден вид изразито нефикционален т. е. „документаристички“ патопис.*

*Да се патува, значи постојано да се избира. Секое патување подразбира низа избори: 1) како ќе се патува, 2) со кое превозно средство, 3) во која насока, 4) со кое темпо, 5) колку често ќе се застанува… Во патописната проза „Брно“ Петра Хулова мошне ефектно ни открива и дека пишувањето т.е. раскажувањето подразбира безброј избори. Имено, еве еден од изборите на Хулова: „Битно немој да измислуваш. Без фантазии! Ќе го бележам само тоа што ми се појавува пред очи. Немој да форсираш само заради некаква однапред поставена цел.“*[4] *Пристигнувајќи со воз од Прага, писателката веднаш*

2 Исто, с. 157.
3 Хулова, Петра: *Околу Европа*. Скопје 2012, s. 67.
4 Исто, с. 68.

*си го поставува и прашањето за методот на пишување: „А да си го отворам тефтерчето и да пишувам во одење?“*[5]

*Со тоа, Хулова јасно истакнува дека нејзиниот патопис во себе интегрира извесна интермедијална димензија поврзана со патописниот потход, а тоа е врската со уметноста на фотографирањето. Според Хулова, патописецот во суштина има две опции, при проникнувањето на патувањето и пишувањето: 1) веднаш (на „лице место“) да ги бележи сликите и импресиите (како еден вид „вербална фотографија“), или, пак, 2) како што таја вели „да го чувам за себе, па при возбуда да го истурам на хартија“* (с. 69). Ни се допаѓало тоа или не, патописецот мора да направи избор, а Хулова тоа го истакнува, правејќи паралела со фотографирањето: *„А не може и двете, исто како на одмор: или сликаш или не сликаш. Ако не сликаш, нема фотки. Ако сликаш има само фотки и спомени што се напластиле на нив, а оние што не ги фатиле фотките, бледнеат“* (с. 69). Еве го и вториот битен избор што го прави Хулова во оваа патописна проза: таа се определува за вербално „фотографирање“, сликајќи го Брно преку серија од елиптични патописни записи: *„Пишувањето истовремено со мислите овојпат ми се виде поубаво. Малите размисли до утре ќе ги заборавам“* (исто).

Оваа одлука има стожерно значење за природата на патописната проза посветена на Брно. За да го сугерира движењето низ просторот и времето при прикажувањето на урбаниот хронотоп, Хулова точно во минута ги нотира миговите на настанувањето на патописните записи: од вкупно 48 записи, првиот, поврзан со пристигнувањето во Брно е напишан во 10:30, а последниот, поврзан со заминувањето од Брно, т.е. со влегувањето во воз за Прага е запишан во 17:30.

Притоа, една од клучните дилеми што Хулова ги нотира е изборот на мерка („аршинот“) во прикажувањето на градот. Слично како во фотографирањето, во кое може да се зумираат најсини детаљи, но и „крупни планови“ на урбаниот пејзаж, Хулова се двоуми околу „аршинот“ во своите „вербални слики“ на Брно: *„Колку мал да биде аршинот? Да ја бележам гнилата лушпа од банана на поштенската кутија или не? Ќе ја забележам. А, ќе пишувам за неа? Или, со една реченица да ја опишам целата населба?“* (с. 70). Со овие прашања и дилеми Хулова јасно ја предочува улогата на селекцијата и на низите одлуки, кои се наметнуваат при чинот на (о)пишување.

Во оваа смисла, патописните прози на Петра Хулова се драгоцени не само како артефакти за доживување на градот Брно ами и како промислувања на улогата на патувањето за комплексниот креативен процес на пишувањето. На пример:

---

5 Исто, с. 69.

1. Во записот од 10:42 писателката го тематизира значењето на излегувањето од инерцијата, како и поттикнувањето на будната перцепција на патописецот. Дури и за нештата кои претставуваат прва асоцијација за Брно, Хулова вели: *„Како првпат да го гледам“* (с. 70).
2. Патувањето подразбира средби со Другите. Истовремено, таа средба подразбира и дека некој друг се соочува со нашата личност, како, на пример: *„Една баба се врти да ме види, може се чуди зошто одам по неа“* (с. 70). Патувањето, во таа смисла, е можност и за средба со себеси.
3. Патувањето е неразделно од споредувањето. Патувањата во друг град неретко ги имплицираат и споредбите со својот или, со други градови.

3.1. Во таа смисла патописот на Хулова изобилува со имплицитни и екцплицитни споредби на Брно и Прага. Притоа споредбите се движат главно во две насоки: 1) Патописецот неретко ги акцентира токму разликите меѓу градовите, како на пример: *„11:13 Азиска бар-коцкарница. И ова во Прага го немаме...“*. 2) Во втората опција, патописецот препознава „пандани“ на градот што е предмет на споредба, како на пример: *„Црно поле потсетува на Бранික (...) Кралово поле. Брњенската Стромовка?“*, или *„ (...) Шпилберг ме потсетува на Петршин...“*.

3.2. Од друга страна, шетајќи низ Брно, Хулова се потсетува дури и на градови на различни меридијани од Земјината топка, како што се Амстердам, Њу Јорк или Улан Батор. На пример, пред една народна кујна во Брно, Хулова се сеќава *„на салата за игранки во Улан Батор“* (с. 71).

4. Поинаку кажано, и покрај обидот да се регистрираат непосредно реакциите од градскиот пејзаж, патописецот во прозните записи на Хулова забележува дека патникот се соочува и со сопствените спомени, имплицитно споредувајќи со тоа што е познато. *„Да се биде тука и сега, се чини е лажлива игра“* – предупредува Хулова. Сепак, ризикот на самостојното и „стихијно“ талкање низ Брно за Хулова вродува со плод, како во сознанието од записот забележен во 14:50: *„Колку послатки се трошките на самостојно откриеното од некаква гозба со водич.“*

## Пишувањето во амбиентот на непознат град (Петра Хулова во Скопје)

Во септември 2011 година, во рамките на меѓународниот проект *Патување околу Европа – Премерување на културниот простор,* Петра Хулова има остварено книжевна резиденција во престолнината на Република Македонија. Но, ако во патописната проза *Брно* акцентот е ставен на прошетката низ градот како неисцрпен резервоар на слики и глетки преку кои може да се долови „духот на просторот“ преку самостојното лутање во градот сфатен

како „екстериер", патописната проза *Трето око*, која е резултат на тринеделниот престој на Петра Хулова во Скопје, сепак доминира еден друг потход, во кој сепак одново органски се проникнуваат патувањето и пишувањето.

Имено, за разлика од прокажувањето на екстериерот, својствен за патописната проза *Брно*, во прозата *Трето око* Петра Хулова го става акцентот на доживувањето на себеси како творечка личност во ентериерот т.е. во станот во кој во Скоје престојувала заедно со своите деца. Не помалку битен за писателката е и амбиентот во „позајмениот стан" во кој секојдневно пишувала: *„Ама, за да може човек да пишува, мора малку да излезе од ментеш, нели?"* Еден од факторите во чинот на пишувањето во оваа проза е и фамозната „скопска жештина": *„Кога пишуваш, мора нешто да те притиска: или жешкото, или уличната врева, некогаш дури и помага. Некогаш. Другпат, во Скопје, потта ми течеше по грбот и по нозете, дури до стапалата, па никому ништо."*[6]

*И покрај тоа што во патописната проза „Трето око" доминантно место зазема промислувањето на чинот на пишување во странство, при што напати се тематизираат сегменти од урбаниот пејзаж на Скопје („Се ѕарам во темното на милиениумскиот крст и на рекламата Веро*"), сепак Хулова предочува дека како творечка личност за неа се стимулативни и средбите со неколку македонски писатели и уметници. Во епилогот на патописната и автопоетичка проза *Трето око* Петра Хулова открива едно „непишано правило" поврзано со патувањата: *„Најинтересните луѓе во странство ќе ги запознаеш дури на заминување. Секогаш е така."*

Оттука, чешката писателка евоцира неколку средби, во кои не го крие својот ентузијазам и восхит од креативниот елан на неколку македонски писатели и уметници, меѓу кои, македонските читатели би можеле да ги препознаат кроки-портретите на ликовниот уметник Ѓорѓе Јовановиќ, како и на писателите Иван Шопов и Владимир Јанковски, како и на авторот на овие редови.

Еден од невралгичните лајт-мотиви во прозата *Трето око* поврзан со симбиозата патување-пишување е се темите за семејството и мајчинството, неизбежно поврзани и со родовите аспекти на уметничкото творештво. Имено, за Хулова искуството со мајчинството и семејниот живот во оваа проза е крајно антиномично. Од една страна, таа смета дека семајниот живот (и родителството) за еден писател е фундаментално животно искуство, како претпоставка за пишувањето и комуницирањето со потенцијалните читатели: *„Како можам да пишувам за светот и луѓето, ако немам поминато низ нешто кое на мнозина од корен им го менува животот? Искуството со деца*

6 Хулова, П.: *Околу Европа*, с. 217.

*и семејство како трето око што ќе ми се отвори, проникливост, мудрост и неочекувани ситуации.“*[7]

*Од друга страна, постои и доза на скептицизам евоцирана во следново сознание: „Никому немаше да му верувам да ми речеше дека третото око нема да ми се отвори, сè дури не ми се случи мене.“*[8] *Всушност, Хулова со поразителна искреност го тематизира и мајчинското искуство како еден вид постојан „товар“ кој напати влегува во колизија со писателската вокација. Во таа смисла, особено е интересен епилогот на патописот „Трето око“, во кој Петра Хулова истакнува: „Во едно чешко списание за култура неодамна излезе Хаику од мајката-доилка. Првиот поетски обид, барем во пореволуционерната чешка литература, да се приопшти односот мајка-мало дете без розови очила. Престојот во Скопје за мене беше едно такво хаику. И покрај тоа што веќе не доев, а градот остана само кулиса. Во секој случај кулиса важна на свој начин.“*[9] *Важноста на престојот на Петра Хулова во Скопје, како и темите третирани во прозата Трето око*, особено темата за статусот на жената-творец во современото општество, особено се огледа од денешна перспектива, бидејќи дел од невралгичните теми на овој краток прозен текст се реактуелизираат и се оркестрираат во најновото прозно остварување на Петра Хулова, романот *Мацоха* (2014).

## Романот *Во спомен на баба ми* од Петра Хулова и современата македонска проза (неколку паралели)

Дебитанскиот роман на Петра Хулова *Во спомен на баба ми* (Paměť mojí babičce, 2002, мак. 2013) е едно од највпечатливите прозни дела со современата чешка книжевност. Станува збор за роман што е овенчан со престижната книжевна награда „Магнезија литера“, а неодамна е вброен меѓу клучните чешки романи објавени во последната деценија. Со овој роман се гледа дека патописниот потход и топосот на патувањето се подеднакво битни и за фикционалниот опус на Петра Хулова. Дејството на романот се одигрува во Монголија, а несомнено е дека за сугестивноста во доловувањето на монголскиот хронотоп и спецификите на монголската култура е драгоцено патувачкото искуство на авторката: Петра Хулова дипломирала културологија на Карловиот универзитет во Прага. Битно е да истакнеме дека во рамките на студиите по монголски јазик и култура, авторката живеела во Монголија една година како студент на размена, така што имала можност непосрдено да ги запзнае и да ги проучува одликите на монголскиот менталитет и начин

7 Исто, с. 223.
8 Исто.
9 Исто.

на живот, што е секако неодминлива претпоставка за вивидноста и слоевитоста во доловувањето на психологијата на ликовите и сетингот на романот *Во спомен на мојата баба.*

Иако станува збор за роман пред сè фокусиран на судбините на пет женски ликови од три генерации во контекстот на монголската култура, се чини дека, во оваа пригода, би можеле да посочиме низа паралели со впечатливи прозни дела од современата македонска книжевност.

1) Првата маркантна одлика на романот *Во спомен на мојата баба* од Петра Хулова е начинот на кој се раскажуваа приказните. Имено, од првата до последната реченица на романот доминира усната раскажувачка парадигма: фабулата постепено се рекапитулира преку исповедите на пет жени: Saја, Алта, Долгорма, Ојуна и Нара. Како што укажува Наташа Аврамовска, моделот на „усна историја“ е маркантно обележје на современиот македонски роман, а како клучна парадигма во овој домен со право најчесто се посочува на романот *Пиреј* (1980) од Петре М. Андреевски (1934-2006), но и романот *Небеска Тимјановна* (1988). На тематски план, интересна е и паралелата меѓу една од драматичните теми на романот на Хулова (дихотомијата степа-град) наспрема темата на романот *Последните селани* (1997). Имено, при реконструкциите на животните судбини на ликовите, во романот на Хулова клучните точки во нарацијата се токму преселувањата и патувањата на релација Црвена планина и Градот (Улан Батор). Во едно интервју, чешката писателка открива дека клучен поттик за нејзиниот интерес за монголскиот јазик и култура бил филмот *Урга* од рускиот синеаст Никита Михалков.

2) Романот *Во спомен на мојата баба* изобилува со референци од монголската култура, така што и на лексички план симптоматично е што аворката поместила и „Речник на помалку познати зборови и реалии“, кој му е драгоцен на читателот. Битно е да напоменеме дека преку преводот на романот на Хулова, македонскиот читател запознава дури 59 монголски зборови (на пример: гер, Бурхан, ерлиц, ово, ташур, хохол, шоро, итн.), кои во преводот на Диме Митрески, со право се оставени во оригинал. На тој начин чешкото литературнио дело добива статус на „посредник“ меѓу две култури и оддалечени јазични средини: монголската и македонската. Од друга страна, како еден вид „пандан“ на овој интеркултурен аспект на чешкиот роман во македонската книжевна средина би можеле да го посочиме романот *Индиго Бомбај* (2008) од Јагода Михајловска – Георгиева, роман овенчан со наградата „Роман на годината“. Слично како во романот на Хулова, романот на Михајловска – Георгиева изобилува со референци, симболи и зборови кои упатуваат на древната индиска култура, религија, философија и духовна култура.

3) Една од клучните тематски нишки во романот на Хулова е односот меѓу неколку генерации женски ликови: особено односите мајка-ќерка, баба-вну-

ка, тетка-внука и сестринските односи. Во овој контекст, особено интригантен аспект на романот е постепеното откривање на тајните за љубовниот живот на претците од страна на потомците, а во овој витален аспект на приказната би можеле да се забележат неколку фрапантни паралели со фабулата на романот *Жените Гаврилови* (2008) од Кица Колбе, во кој откривањето на тајните на предците (особено ликот на бабата) драматично влијае и врз ликовите од помладите генерации.

4) Една од највпечатливите и најпротивречните теми на романот на Хулова е суптилното нијансирање на сестринските односи меѓу Saja, Нара, Маги и Ојуна. Во романот на Хулова, споделувајќи ја судбината на „ерлиц, ерлица“ (дете од мешани родители), судбините на Saja и Нара се поврзани со еден вид „папочна“ врска. Најеклатантен пандан за една таква симбиотичка и противречна сетринска релација во македонската современа литература е најновиот роман на Лидија Димковска, насловен *Резервен живот* (2012), во кој е тематизирана судбината на сијамските близначки Злата и Сребра.

5) Како во еден вид семејна сага, во романот на Хулова низ женска перспектива мошне суптилно се доловени драматичните семејни (неретко меѓугенерациски), родови но и сестрински конфликти и трауми, а таа тематска нишка е особено провокативно оркестрирана во маркантен дел од расказите од збирките *Чкртки* (2007) и *Осмица* (2010) на Румена Бужаровска.

6) Конечно, полифоничната структура на романот на Петра Хулова, овозможува да се насети една од „муростите на романот“ за кои говори Милан Кундера во своите есеи поместени во книгата *Уметноста на романот*. Имено, како во знаменитиот расказ „Во бујакот“ од Рјуносуке Акутагава, но и како во романот *Очи со боја на чевли* (2013) од Петар Андоновски, Петра Хулова во романот *Во спомен на мојата баба* преку вкрстување на перспективите на раскажувачите преку уметничката интуиција ни ги предочува плуралноста на вистината, комплексноста на меѓучовечките односи и судбини, моќта на недоразбирањата и отуѓувањата меѓу луѓето, како и релативноста на личните „вистини“.

Тоа се доволно големи причини да ги очекуваме преводите на македонски јазик на останатите седум објавени романи на чешката писателка, но и да се надеваме дека барем дел од наведените дела од македонската книжевност наскоро ќе им станат достапни на чешките читатели.

## Cestování a psaní v prozaických dílech Petry Hůlové

Italský teoretik Domenico Nuccera zdůraznuje, že literatura cestování je dnes důležitou součástí mezinárodní a mezikulturní komunikace. Z tohoto pohledu se v našem výzkumu snažíme analyzovat vztah mezi cestováním a psaním (a také česko-makedonské literární a kulturní vztahy) ve dvou

segmentech v prozaické tvorbě české spisovatelky Petry Hůlové (1979): 1) v cestopisných prózách „Brno" a „Třetí oko", spojených s putovními zkušenostmi spisovatelky v Brně a ve Skopji, a publikováných v knize *Kde nejste doma* (2012); a 2) v románu *Paměť mojí babičce* (2002), spojeném s autorčinými putovními zkušenostmi v dalekém Mongolsku. Román Petry Hůlové zkoumáme prostřednictvím několika paralel, které nacházíme v současné makedonské prozaické produkci (např. v prózách Petreho M. Andreevského, Kici Kolbeové, Jagody Michajlovské – Georgievové, Lidije Dimkovské, Rumeny Bužarovské a Petra Andonovského).

## Travel and writing in Petra Hůlová's prose

The Italian theoretician Domenico Nucera remarks that travel literature nowadays forms an important part of the international and intercultural communication. From this perspective, in our research we attempt to analyse the relationship between travel and writing—as well as the Czech and Macedonian literary traditions—in two segments of the prose opus of the Czech authoress Petra Hůlová (1979): 1) in the travel short stories 'Brno' and 'Třetí oko', related the authoress' travel experiences in the cities of Brno and Skopje, published in the book *Kde nejeste doma* (2012), as well as 2) in the novel *Paměť mojí babičce* (2002), related to her travel experiences in faraway Mongolia. Hůlová's novel has also been considered through several parallels with works from the contemporary Macedonian prose production (Petre M. Andreevski, Kica Kolbe, Jagoda Mihajlovska-Georgieva, Lidija Dimkovska, Rumena Bužarovska and Petar Andonovski).